**Amt für Bildung und Sport**
Fachstelle Sport
Hofstettenstrasse 14, Postfach 145, CH-3602 Thun

Telefon +41 33 225 84 15
sport@thun.ch, www.thun.ch/abs

STADT THUN
доброволен училишен спорт

## Општи информации за доброволниот училишен спорт на градот Тхун

**Цел**

Доброволниот училишен спорт има функција на мост измеѓу доброволниот училишен спорт и понудите на спортови во друштвata. Целта е колку што е можно повеќе деца преку доброволниот училишен спорт да бидат восхитени за организираниот порт, пред се за спортови во друштва. Курсевите се прилагодени за почетници, како би се запознале со врстите/понудите на спортови.

**Учество**

На курсевите со доброволните училишни спортови можат да учествуваат деца од детските градинки и од училиштата. Распишувањето на кутсевите ја предвидува допуштената возраст на децата кои смеат да учествуваат. За време од едно полугодие, смее да се посетуваат повеќе курсеви. Кај помалите деца советуваме да се посетува само еден курс во едно полугодие.

**Одржување на курсевите**

Ќе бидат понудени полугодишни курсеви во лето (од пролетниот распуст до есенскиот распуст, без курсевите за време на летниот распуст) и во зима (од есенскиот распуст до пролетниот распуст, без понудите за божиќниот распуст и за време на спортскиот распуст). Тие се одржуваат еднаш неделно од понеделник до петок, после обавезната училишна посета, по правило измеѓу 16.30-19.30 часот. Додатно, за време на повеќето школски распусти, преку ден се одржуваат и други курсеви.

**Водители**

По спортските предмети /на курсевите предаваат докажани школски спортски менаџерки и раководители.

**Локации**

Локациите на курсевите се дадени во огласите.

**Цени**

Сите полугодишни курсеви коштаат околу 50.00 ШФр. по дете. Парите за курсот вообичаено се плаќаат уште првиот ден во кеш, кај водителот на курсот.
Курсевите кои се одржуваат за време на распустите, по правило коштаат измеѓу 10.00 до 40.00 Шфр. по дете.
Кај поединечни курсеви има додатни трошкови за изнајмување на опрема. Тие трошкови се напоменати во огласите.

За деца со место на живеење во Тхун, чии родители ја поседуваат сината карта, посетата на курсевите е бесплатна. Додатните трошкови за изнајмување опрема и материјали, трошковите во секој случај ги плаќаат сами.

**Деца со место на живеење надвор од градот Тхун, плаќаат за сите курсеви дупла цена.**

**Пријавување**

Формуларите за пријавување ќе бидат расподелени на Тхунските народни училишта од стра на класните раководители, а во детските градинки од наставниот персонал во детските градинки. Пријавите за сите курсеви трба навремено да им се предадат на класните во училиштата и на наставниот персонал во детските градинки. За учество е обавезна согласноста на родителите, која ке биде потврдена со нивниот потпис. Родителите чии деца не одат на училиште во Тхун, можат распишаните огласи и формуларот за пријавување да ги свалат директно преку сајт-страницата под: www.thun.ch/schulsport. Пријавувањето во тој случај се врши директно на: Amt für Bildung und Sport, Fachstelle преку емаил или се доставува по пошта.

**Осигурување**

Во случај на незгоди за време на доброволните школски спортови, градот Тхун не превзема никакви осигутителни обврски. Осигутувањето против незгоди лежи во сопствена одговорност на секој учесник.

**Важни информации**

Кај секои курсеви има само ограничен број на места, без гаранција sa учество !
Ние ви советуваме да не ги пријавувате децата повеќепати на еден исти курс.

За земањето учество на полугодишните курсеви, според редот на пријавувањето децата нема да бидат посебно поканети и не добиваат потврди за пријавувањето. Во случај да не бидете контактирани од страна на стручната служба за спорт, значи дека пријавувањето било успечно. Листата со дефинитивната распределба, може отприлика една недела пред започнувањето на курсот, да се погледа кај класните или кај наставниот персонал во детските градинки и важи како потврда за пријавувањето.

**Информации**

Сите описи на курсевите, како и распишаните огласи и електронскиот формулар за пријавување, за време на фазата за пријавување, можат да бидат свалени под: www.thun.ch/schulsport.
Amt für Bildung und Sport, Fachstelle Sport,
Tel. 033 225 84 15**,** Email: sport@thun.ch